РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1758/7
30-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-мата седница одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-1758/1 од 16.04.2026 година, оформен по доставена пријава со наводи за коруптивно постапување во инспекциска постапка на Управата за јавни приходи, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган – Единицата за професионални стандарди на Управата за јавни приходи.

Предметот со број 12-1758/1 од 16.04.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 16.04.2026 година поднесена е пријава со наводи за коруптивно постапување во инспекциска постапка на Управата за јавни приходи и оформен е предмет број 12-1758/1 од 16.04.2026 година.
Наводите во пријавата се однесуваат за сомневање за коруптивно постапување во инспекциска постапка на Управата за јавни приходи при инспекциски надзор извршен на /// година над субјекти наведени со назив ///, /// и ///, за кои како одговорно лице е посочено лицето ///.
Според наведеното во пријавата, инспекторите започнале надзор над посочените правни лица, кој бил прекинат поради наводно вршење на влијание во насока на неизрекување на инспекциски мерки во услови на констатирани неправилности.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Управата за јавни приходи и до Управата за финансиска полиција.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:

Единицата за професионални стандарди на Управата за јавни приходи има постапено по барање примено на 09.04.2026 година, за внатрешна контрола поради непостапување и можна злоупотреба на службена положба од инспектори на УЈП при вршење инспекциски надзор над субјектите ///, /// и ///, сите со одговорно лице ///. Согласно Процедура за работа на Единицата за професионални стандарди, оваа Единица утврдила фактичка состојба при што бил изготвен Извештај за постапување на Единицата за професионални стандарди, и согласно точка 5.6.3 став 3 од Процедура за работа на Единицата, било доставено Известување до Генералниот даночен инспекторат со цел преземање на соодветни понатамошни дејствија согласно надлежностите, со кое било побарано да се спроведат надворешни контроли кај сите посочени субјекти – даночни обврзници, но и да се достават информации до останати институции доколку при постапувањето се појави потреба од истото, со цел да се преземат соодветни дејствија во надлежност на Управата за јавни приходи во насока на целосна проверка по однос на наводите за неправилности во постапувањето на даночните обврзници.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК утврди дека за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган - Единицата за професионални стандарди на Управата за јавни приходи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН., член/anëtar